# Расадување на тутун

Рокот на расадување на тутунот зависи од топлотните својства на почвата и од климатските услови. Дури и во еден реон времето на расадување е различно. Така на потоплите почви расадувањето е порано, а на ладните подоцна. Кај нас расадувањето почнува во првата половина на Мај во источниот дел, а во Пелагонија во втората половина на мај, а по некогаш тоа трае до првата половина на Јуни.

Расадувањето е една од најважните агротехнички мерки во одгледувањето на тутунот. Пропустите направени во расадувањето многу тешко се исправаат подоцна, а тоа секогаш води кон намалување на приносот и квалитетот.



При расадувањето расадот треба добро да е кален. Калењето се врши на 10 дена пред да се корне расадот, од леата се одстранува полиетиленското платно, се прекинува со прихранувањето, а се прекинува и со наводнувањето. Дали расадот е искален може да се констатира така што се зема страк расад, се завиткува околу прстот и ако по виткањето се врати во првобитна положба значи расадот е искален. Искалениот расад кој што има 6-8 лисја, без котиледоните, а висина од 10-15 см е стасан за корнење. Кај вирџиниските сорти расадот е висок 15-20 см.

Корнењето на расадот се врши така што предходно добро се натопува почвата со вода и по полевањето се остава два саати, а потоа се почнува со корнење. Корнењето се врши рачно, страк по страк. Се корнат најголемите стракови и се редат во сандаци (гајби). По корнењето останатиот расад во леата се полива, а за по 5-6 дена повторно да се корне расад од леата.

По однос на начинот на расадувањето, ситнолисните тутуни што се расадуваат густо повеќето се садат рачно, додека крупнолисните тутуни во поразвиените земји а и кај нас се расадуваат машински. За машинско расадување површината треба да биде добро израмнрта и расадот да биде јак, чија должина треба да изнесува 15-20 см, и добро развиен корен. При рачното расадување почвата треба да биде ровка и да има прилично влага. Ако при расадувањето почвата нема доволно влага таа се надоместува така што во предходно направените трапови се додава вода. Тоа е потребно и за побрзо садење и да не се сипи земјата. На вака направените трапови на одредено растојание, се прават дупки со колче, се става коренчето а потоа со колчето се притиска со земја. По садењето

повторно му се додава вода за да се соедини коренот со земјата. На ист принцип се расадува тутунот со машина за садење, само што овде се е механизирано, со исклучок на подготовката на коренчињата за уфрлување во машината, која е рачна.

При расадувањето на тутунот густината игра важна улога за добивање на соодветен принос и квалитет. Животниот простор што ќе го користи секое растение зависи од сортата(типот). Така сортите од типот на ,,Прилеп,, се садат на растојание од 50x10 см за да се обезбеди склоп од 200.000 растенија по ха, а ,,Јака,, на 45x10 см, за да се обезбеди склоп од 220.000 растенија по ха. Сортите од типот ,, Вирџинија,, се садат на растојание 80x50см за да се обезбеди склоп од 25.000 растенија по ха, а сортите од типот на,,Берлеј,, се садат на 100x50 см за да се обезбеди склоп од 20.000 растенија по хектар.

На 3-4 дена од расадувањето потребно е да се провери дали се примиле растенијата и во случај на загинување, се врши пополнување на празните места.

**М-р Цветан Јовановски**